# ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ХРВАТСКАТА ПЛАТЕЖНА АГЕНЦИЈА

Денес, на ден 13.07.2012 во централната канцеларија на Платежната Агенција во Загреб, Р. Хрватска, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој склучи Спогодба за соработка со хрватската Агенција за плаќања во земјоделството, рибарството и руралниот развој. Спогодбата која беше потпишана од страна на Директорите на двете Платежни Агенции, г-дин Тони Димовски, Директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и г-дин Анте Пезо, Директор на Агенцијата за плаќања во земјоделството, рибарството и руралниот развој претставува продолжување на соработката која беше воспоставена минатата година.



Склучената Спогодба овозможува здружување на заедничките напори и за подобрено користење на претпристапните средства од ИПАРД и перспективно средствата од фондовите на Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (EARDF) и Европскиот земјоделски гарантен фонд (EAGF).

Имајќи во предвид дека Република Хрватска ќе стане членка на Унијата во јули, 2013 година, потпишаната Спогодба е од особена важност и во рамки на истата се предвидува остварување на продлабочена соработка помеѓу двете Агенции, зајакнување на размената на искуства и знаење од областа на користењето на претпристапни фондови за рурален развој од ЕУ со цел остварување на поуспешна интеграција на Република Македонија во Европската унија.